# З А П И С Н И К

Од дваесет и деветта седница на Советот на општина Брвеница, одржана на 18.01.2024 година, (четврток) со почеток во 13.00 часот во просториите на општина Брвеница

**Присутни: 12** советници.
**Отсатни: Светлана Стаматовска,Синиша Јованоски и Адем Јашари**

Седницата ја отвори и со неа раководеше Претседателот на Советот Бујамин Рушити, кој констатира дека од бројот на присутните советници има кворум за полноважно одлучување.
За работа на седницата се предложи следниот дневен ред.

1.Разгледување и усвојување на записниците од дваесет и осмата и итна (вонредна) седница седница на Советот на општина Брвеница.
2.Предлог-Одлука со која се дава согласност на измена на Годишниот План за вработување за 2024 година.
3.Предлог-Одлука за утврдување на бодот за пресметување на платите на административните службеници за 2024 година.
4.Предлог-Програма за изработка на урбанистички планови на општина Брвеница за 2024 година.
5.Предлог-Програма за работа на Советот на општина Брвеница за 2024 година.
6.Разгледување и усвојување на Извештајот за активностите на Советот на општина Брвеница за 2023 година.
7.Предлог-Одлука за продолжување на воспоставената меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Јагуновце и Општина Брвеница.
8.Писмо за намери од „ЕНЕРГО Р ГРОУП ДОО,, експорт-импорт с.Теново.

Претседателот на Советот ги прочита точките и кажа, имаме уште 3 дополнителни точки и ги повика советниците да гласаат за дневниот ред и истиот беше едногласно прифатен од присутните советници.

Претседателот на Советот праша дали има уште некој за измени и дополнувања на дневниот ред.

Абеб Нухии се јави за збор и кажа, јас се откажувам од член односно Претседател на Времената комисија од субјективни причини и тоа од 12-ти месец се откажав, сега го изјавувам на седница за да ве запознаам и вас и јавноста.

Бидејќи никој не се јави за збор, Претседателот на Советот дневниот ред заедно со дополнителните точки, го стави на гласање и истиот едногласно се усвои од присутните советници.

**I**

По однос на првата точка од дневниот ред „ Разгледување и усвојување на записниците од дваесет и осмата и итна (вонредна) седница седница на Советот на општина Брвеница,, Претседателот на Советот ја прочита истата и праша дали има забелешки на записникот.

Претседателот на Советот отвори расправа.

За збор се јави Злате Китаноски и кажа, имам забелешка во записникот од минатата седница и тоа во третата точка каде јас зедов збор, испуштено е да се додаде дека треба да стои и контејнери за пластика и сите овие точки се изгласани и треба да се стават во првиот ребаланс на буџетот.

Претседателот на Советот кажа, тоа е техничка грешка ќе биде забележано во наредниот записник.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, Претседателот на Советот точката „Записниците од дваесет и осмата и итна (вонредна) седница седница на Советот на општина Брвеница,, ја стави на гласање и истата беше едногласно прифатена од присутните 12 советници.

**II**

По однос втората точка на дневен ред, ,,Предлог-Одлука со која се дава согласност на измена на Годишниот План за вработување за 2024 година,, Претседателот на Советот ја прочита истата и го замоли соодветниот од општината да ја образложи точката.

Соодветната од општината кажа,како и секоја година така и оваа имаме право да вршиме измени во планот за вработување согласно Законот за вработување во јавен сектор. Имаме согласнот и од МИОА и затоа планот може да трпи измени. Во планот за 2023-2024 пишува дека моментално вработени се 28 лица, така што планирата состојба останува исто 28 вкупно од кои 10 се македонци а 18 албанци. Пензионирања во тековнатава година нема во план.

Измената на планот е во дел 3 страна 8, табела 6, реден број 2. Кај работното место соработник во постапката за јавни набавки, наместо тоа треба да стои соработник за подготовка на материјали на седници на совет и работните тела на советот. Во тоа одделение стварно имаме потреба од работник, бидејќи колешката замина во пензија, значи само тука е измената. А што се однесува до платите за вработените согласно со колективен договор за вработените во јавниот сектор се покачија за 10 % започнувајќи со исплата на платата за месец семптември 2023 година. И на крај балансерот останува ист, сите го имате пред вас.Од 5 вкупни вработувања, 3 се албанци а 2 македонци.

Измената значи е само за местото соработник за подготовка на материјали на седници на совет и работните тела на советот. Ако нешто имате да прашате повелете.

За збор се јави Адем Ј.Јашари и кажа, јас како советник како и секогаш ќе кажам дека треба да се почитува балансерот.

Соодветната од општината кажа, како и секогаш до сега сите вработувања биле според балансерот и секогаш се почитувал.

Претседателот на Советот кажа, до сега немало проблем во нашата општина околу враборувањата, секогаш се почитувал балансерот. Сега нема голема промена, променаta е само во техничкиот дел, едно работно место е заменето за друго, останува со исто ниво соработник за соработник.

Соодветната од општината кажа, тоа незначи дека сите 5 работни места ќе се пополнат во текот на годината тоа се само предвидени вработувања но не значи дека сите ке се реализираат, поради тоа ние во министерството праќаме извештај на секои 6 месеци.

За збор се јави Адем Ј.Јашари и кажа, ние како советници имаме забележано дека има нови вработувања, не знам тие вработени на кој начин работаат.

Соодветната од општината кажа, во 2023 имаме вработено 6 лица на неопределено време, 3 македонци и 3 албанци кои се со договор на дело преку привремена агенција за вработување ,,АКСИОС,,. Не се вработени со јавен оглас.Тие што се вработени со договор на дело не ги фаќа балансерот. Балансерот ги опфаќа тие само што се вработени со јавен оглас. На овие вработени договорите им се продолжуваат секој месец, ако Градоначалникот сака им продолжува ако не не им се продолжува.

За збор се јави Адем Ј.Јашари и кажа, ако сакаме да вработуваме луѓе и има слободни места зошто да ги вработуваме со договор на дело наместо со решение затоа реков за балансерот.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, ,,Одлука со која се дава согласност на измена на Годишниот План за вработување за 2024 година„ ја стави на гласање и истата беше едногласно прифатен од страна на присутните 12 советници.

**III**

По однос третата точка на дневен ред, „Предлог-Одлука за утврдување на бодот за пресметување на платите на административните службеници за 2024 година„ Претседателот на Советот ја прочита истата и го повика Претседателот на Комисијата за финансии да образложи по однос точката.

Председателот на комисијата за финансии Мирослав Даиловски кажа, се работи за точка која се носи секоја година овој период за утврдување на бодот за пресметување на платите за административните службеници, измена нема и бодот останува ист.

Претседателот на Советот отвори расправа.

Бидејќи никој друг не се јави за збор Претседателот на Советот точката „Одлука за утврдување на бодот за пресметување на платите на административните службеници за 2024 годин„ ја стави на гласање и истата беше прифатена од страна на присутните 12 советници.

**IV**

По однос четвртата точка од дневниот ред „ Предлог-Програма за изработка на урбанистички планови на општина Брвеница за 2024 година„ Претседателот на Советот ја прочита истата и го повика Претседателот на Комисијата за урбанизам да образложи по однос точката.

Председателот на комисијата за урбанизам, комунални дејности и заштита на животна средина Абеб Нухии кажа, оваа програма како и секоја година советот ја поминува. Арменд од оправдани причини не можеше да дојде на Совет но на комисијата ни објасни, се работи за урбанистички планови за села. Селата ги делиме на 3 дела и тоа на развиени, средно развиени и неразвиени. Секое барање кое ќе го поднесуваат жителите ќе го плаќаат сами, а барањата што ќе ги поднесе општината ќе ги плати самата.

Претседателот на Советот отвори расправа.

За збор се јави Адем Ј.Јашари и кажа, нема да се работи на програма,што се однесува до Челопек и Милетино улицата на мостот на Вардар сите поминуваме од тука и гледаме дека е во катастрофална состојба. Ја молам општината да изготви нешто и да го поправи мостот и ако може да го продолжи и да направи брана.Ова барање доаѓа од жителите на селото Милетино и селото Блаце.

Претседателот на Советот кажа, ќе ги гласаме делот што го имавме во комисијата и делот што го бараат жителите. Разговаравме и со Градоначалникот тие се во изработка, но добро е да поднесат барање до општината и истото ќе биде реализирано.

Бидејќи никој друг не се јави за збор Претседателот на Советот точката „Програма за изработка на урбанистички планови на општина Брвеница за 2024 година., ја стави на гласање и истата беше прифатена од страна на присутните 12 советници.

**V**

По однос на петтата точка од дневниот ред „ Предлог-Програма за работа на Советот на општина Брвеница за 2024 година, Претседателот на Советот ја прочита истата и збор му даде на Председателот на Комисијата за Статут и прописи да ја образложи точката.

Претседателот на Комисијата за Статут и прописи кажа, се работи за Програма која Советот секоја година ја носи и Програма по која ќе работи Советот во 2024 година, во текот на годината може да има измени но сега е таква каква што е со некој вообичаен ред по периоди и месеци.

Соодветниот од општината кажа, да додадам само дека се работи за план кој е поделен на два периода, и тоа јануари-јуни и јуни-декември и за секој месец предвидени активности кои ќе се реализираат во наредниот период.

Претседателот на Советот отвори расправа.

Бидејќи никој друг не се јави за збор Претседателот на Советот точката „Програма за работа на Советот на општина Брвеница за 2024 година.„ ја стави на гласање и истата беше едногласно прифатена од страна на пристутните 12 советници.

**VI**

По однос на шесттата точка од дневниот ред „Разгледување и усвојување на Извештајот за активностите на Советот на општина Брвеница за 2023 година„ Претседателот на Советот ја прочита истата и отвори расправа.

За збор се јави Абеб Нухии и кажа, овде Извештајот е на македонски јазик така и ќе цитирам некои мислења каде што тука е Одлуката за усвојување на Програмата за контрола на популацијата на бездомни кучиња на територијата на Општина Брвеница за 2023 година ние таква одлука донесовме само на хартија но не е ништо превземено во врска со тоа. Штом имаме таква одлука донесено треба да се превземе нешто во врска со овие бездомни кучиња што ни се шетаат низ општината.

Ова го спомнав за да се превземе нешто во врска со тоа. Јас колку што паметам имаме дискутирано, донесено одлука и издвоивме средства од буџетот.

За збор се јави соодветната од општината и кажа, колку што сум информирана од колегата Абиљ, во месец март ќе има јавна набавка за третирање на ваквите кучиња.

За збор повторно се јави Абеб Нухии и кажа, значи дека ќе има јавна набавка за да можат ветеринарниве станици да аплицираат за сето тоа да се спроведе. Еден апел до општината малку побрзо затоа што луѓето имаат проблем со бездомните кучиња.

Бидејќи никој друг не се јави за збор Претседателот на Советот точката „Извештај за активностите на Советот на општина Брвеница за 2023 година„ , ја стави на гласање и истата беше едногласно прифатена од страна на присутните 12 советници.

**VII**

По однос на седмата точка од дневниот ред „ Предлог-Одлука за продолжување на воспоставената меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Јагуновце и Општина Брвеница.„

Претседателот на Советот по однос оваа точка кажа, овде нема измени само соработката се продолжува помеѓу општините. Мислам дека е добро што имаме соработка со Општината Јагуновце, а треба да имаме и со другите општини.

Претседателот на Советот отвори расправа.

Бидејќи никој не се јави за збор Претседателот на Советот точката „Одлука за продолжување на воспоставената меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Јагуновце и Општина Брвеница.„ , ја стави на гласање и истата беше едногласно прифатена од страна на присутните 12 советници.

## VIII

По однос на осмата точка од дневниот ред „Писмо за намери од „ ЕНЕРГО Р ГРОУП ДОО„ експорт-импорт с.Теново„ Председателот на Советот по однос на оваа точка кажа, се работи за донација од страна на „ ЕНЕРГО Р ГРОУП ДОО„ експорт-импорт с.Теново„ во вредност од 1.140.000 денари кои се наменски за плаќање на сметките за улично осветлување за „ОЈП ВАРДАР„. Значи дека овие средства ке одат директно „ОЈП ВАРДАР„ за исплата на сметката за уличното осветлување на „ОЈП ВАРДАР„

Претседателот на Советот отвори расправа.

За збор се јави Адем Ј.Јашари и кажа, ако не се лажам пред 2 или 3 седници на Совет имаше донација од село Теново, значи има донирано и порано и тоа ме радува, имајќи во предвид и тоа дека ова се случува во моментот кога урбанизмот го става на продажба земјиштето, но се надевам дека нема друга намера. Ние како општина ќе го прифатиме како донација, ако има нешто друго поврзано со „ ЕНЕРГО Р ГРОУП ДОО„ јас како советник ќе барам образложување за истото.

Бидејќи никој друг не се јави за збор Претседателот на Советот точката „ Писмо за намери од „ ЕНЕРГО Р ГРОУП ДОО„ експорт-импорт с.Теново„ , ја стави на гласање и истата беше едногласно прифатена од страна на присутните советници.

## IX

По однос на деветтата и дополнителна точка од дневниот ред „Рационализација на уличното осветлување„ Претседателот на Советот ја прочита истата и кажа, исто така и пред неколку месеци имавме рационализација или ограничување на уличното осветлување бидејќи општината имаше потешкотии со исплаќање на сметките за улично осветлување. Имаме барање за рационализација за уличното осветлување и тоа од полноќ до сабајле но ние мислиме да биде од полноќ до 6 сабајле. А што мислите вие.

Претседателот на Советот отвори расправа.

За збор се јави Адем Ј Јашари и кажа, кога го читав материјалот сватив дека е добро од полноќ до 5 часот сабајле но мислам дека е подобро да биде од полноќ до 5,30 часот и тоа поради старите лица.

Претседателот на Советот кажа, сакам да потенцирам дека ова да важи до 9-ти март до празникот Рамазан бидејќи тогаш се менува начинот на живот, па тогаш да биде до 5.30 бидејќи до тогаш имаме молитви и мислам дека од 1 до 5,30 ќе штедиме струја. Од кога почнува постот нема да има прекин на уличното осветлување.

Злате Китаноски се јави за збор и кажа, не би се сложил да биде до 5,30 бидејќи во 5 часот веќе има луѓе што тогаш одат на работа и е темница, значи нека биде до 5 часот а не до 5,30.

Претседателот на Советот се надоврза и кажа, ако се работи за мал број на луѓе тогаш не треба да се заме во предвид тоа мислење.

Абеб Нухии зеде збор и кажа, не може да се врши рационализација бидејќи граѓаните ја плаќаат таксата, затоа е преземена ваква одлука и ние како Совет за нивната одлука за половина час не преставува голем проблем. Треба да биде како што е напишано, се работи за период од два месеци. Како ќе одлучите сите така ќе биде.

Злате Китаноски се надоврза и кажа, мислам дека во Милетино 10-20 луѓе одат на работа во тоа време.

Претседателот на Советот даде два предлога за термин на рационализацијата на уличното осветлување, и тоа Првиот предлог е од 1 до 5,30 часот додека вториот од 1 до 5 часот, и ги повика присутните да гласаат. За првиот предлог имаше 7 гласа додека за вториот не се гласаше.

За збор се јави Дончо Симјаниски и кажа, се работи за 5 часа и времето е запазено, само за 30 минути е пократко, 5 часа и место 5 се 4 и 30 минути. Ја имам еден предлог доколку не ви смета да биде од 00,30 до 5,30.

Претседателот на Советот кажа, поминато е веќе, изгласано е и бадиела зборуваме, имавме предлог од полноќ до 5 часот, зборувавме со Градоначалникот бидејќи луѓето воопшто не сакаат да има прекин во уличното осветлување. И 5,30 и 5 нема да бидат задоволни секако.

Абеб Нухии зеде збор и кажа, требаше да се дискутира пред тоа а не сега кога веќе се изгласа. Треба да се разбере, има некои лимити и вие може не сте информирани за тоа. Самата општина бара повеќе време и затоа дојдовме до таква ситуација да го ставиме на гласање за половина час. Условите ни го налагаат ова. Подобро е да не го должиме ова нека остане така како што е, во оваа ситуација сега во која што се наоѓаме со ОЈП со водата, ако сте за тогаш ќе има прекин на вода место прекин на струја, да оставиме вака за месец два ќе видиме како ќе биде.

Дончо Симјаноски зеде збор и кажа, треба да појдеме од самите себе, сите дома штедиме, на граѓаните треба да им се објасни, во ред може да нема рестрикција но ќе се покачи уличното осветлување, ова да биде во интерес на граѓаните да не плаќаат поголеми сметки и колку се може да се заштеди. Тоа е од општ интерес, инволвирана е и локалната самоуправа и граѓаните ако не може општината да се покрие ќе нема улично и ќе се исклучи, ќе немаат пумпите вода и ќе има рестрикции, ова е од обостран интерес и за граѓаните и за општината. Меѓутоа ми беше поентата за половина час ако има простор 30 минути порано и од општината да помине предлогот, некако брзо се изгласа, очекував дека уште ќе дискутирате но вие веднаш го ставивте на гласање. Ако не беше проблем место од 1 до 5,30 да биде од 00.30 до 5,30.

Бидејќи никој друг не се јави за збор Претседателот на Советот точката „Рационализација на уличното осветлување,, , ја стави на гласање и истата беше едногласно прифатена од страна на присутните 12 советници.

**X**

По однос на десеттата и дополнителна точка од дневниот ред „Предлог-Одлука за меморандум за соработка „ Председателот на Советот ја прочита истата и кажа, се работи за меморандум за соработка меѓу Општина Брвеница и Македонска развојна фондација за претпријатија како носечки партнери и Рурална Коалиција, Џуниор Ачивмент Македонија и ЕЛИТ-Здружение на жени менаџери, за оваа намена застапуван од Ленка Угриновска, Претседател на ЕЛИТ – Здружение на жени менаџери за проектот „Потпри се на младите,, финансиран од Европската унија, бидејќи материјалот ни го донесоа пред да почнеме и тоа е само на македонски јазик, јас се обидов да го преведам толку колку што можев, не знам дали има финансиски импликации од страна на општината во врска со ова, бараат и простор а ние и не располагаме со многу простор.

Соодветната од општината кажа, значи јас знам толку колку што пишува на дописот за меморандум за соработка, за формирање на Локален совет за млади се работи, ќе се нуди некоја помош во врска со зголемување на капацитетот односно за семинари, канцеларија за состаноци и тоа само повремено и по потреба и изготвувањето на актите како и трошоците за регистрација ќе ги сносат овие НВО, и колку што разбрав од дописот финансиски импликации од страна на општината нема да има. Јас не знам повеќе бидејќи не присуствував на состанокот со НВО.
Претседателот на Советот отвори расправа.

Адем Ј Јашари се јави за збор и кажа, тоа што имав прилика да прочитам од меморандумот значи ќе се направиа експертиза за формирање на општински совет за млади. Јас предлагам да ви помогнам во формирање Локалниот совет за млади , ме радува што имаме вакви работи, незнам дали ќе треба да форимраме совет за млади или е само информација дека треба да го формираме овој совет, не знам зошто бараат канцеларија за семинари, односно, дали тие ќе го формираат советот или само ќе ни дадат информации.

Соодветната од општината повтори, соработка подразбира ќе ги изготват сите акти околу тоа трошоците ќе бидат нивни развој на капацитетите значи дека ќе организираат семинари финансиски импликации нема општината, нас ни е законска обврска да го формираме овој совет.

Бидејќи никој друг не се јави за збор Претседателот на Советот точката „Одлука за меморандум за соработка„ , ја стави на гласање и истата беше едногласно прифатена од страна на присутните советници.

**XI**

По однос на единаесеттата и дополнителна точка од дневниот ред „Барање за финансиска помош„ Председателот на Советот ја прочита истата и кажа, се работи за финансиска помош за болно дете, како и секогаш излегуваме во пресрет на сите со вакви барања.

Претседателот на Советот отвори расправа.

Бидејќи никој друг не се јави за збор Претседателот на Советот точката „Барање за финансиска помош„ , ја стави на гласање и истата беше едногласно прифатена од страна на присутните советници.

По исцрпување на точките на дневниот ред заврши дваесет и осмата седница на Советот на општина Брвеница.

**Записничар**
Наташа Стојческа

**Претседател на Совет,**

**Бујамин Рушити**

**Бр.08-95/2**
**18.01.2024 год.**
**Брвеница**